Страшо Пинцур
Неготино
У

# ГОДИШЕН ИЗВЕШТАЈ

## за работата на училиштето во учебната 2019/20 г.



Годишниот извештај за работа на ООУ„ Страшо Пинџур“ – Неготино е изработен согласно Законот за основно образование, Статутот на училиштето, како и Годишната програма за работа на училиштето во учебната 2019/2020 година. Целта и задачите на годишниот извештај е да се проследат материјално техничките услови за работа во училиштето, организацијата и начинот на остварување на воспитно-образовната работа во училиштето, формите на наставна и воннаставна активност, грижата за здравјето на учениците, соработката со локалната средина, следењето, вреднувањето и унапредувањето на воспитно-образовната работа во училиштето и успехот на учениците.



## Лична карта на училиштето

| | |
|---|---|
| **Име на училиштето** | ООУ „Страшо Пинџур“ - Неготино |
| **Адреса, општина, место** | ул. „ Партизанска“ бр. 146 Неготино |
| **Телефон** | 043 361 900 |
| **Факс** | 043 361 900 |
| **е-маил** | spingur.negotino@gmail.com |
| **Број на подрачни училишта** | 4 |
| **Број на одделенија** | 9 |
| **Број на ученици** | 845 |
| **Број на паралелки** | 44 |
| **Број на вработени** | 87 (директор, педагог, психолог, дефектолог, 62 наставници, 3 административни работници, 16 техничка служба) |
| **Број на смени** | Две смени |

## ВОВЕД

ООУ„Страшо Пинџур“- Неготино е деветгодишно училиште во чиј состав работат и четири подрачни училишта во селата: Криволак, Пепелиште, Војшанци и Црвени Брегови, каде наставата се одвива од I - V одделение.

Во состав на ООУ„Страшо Пинџур“- Неготино работи и една комбинирана паралелка за ученици со посебни образовни потреби, која брои 7 ученици.

Вкупниот број на ученици на ниво на основно училиште од I - IX одд. на крајот од учебната 2019/2020 год. изнесува **841** ученици и **7** ученици во посебната паралелка, што значи вкупно на ниво на училиште бројната состојба изнесува **848** ученици.

| **БРОЈНА СОСТОЈБА<br>на крајот од учебната 2019-20 год.** | | |
|---|---|---|
| | **Број на ученици** | **Број на паралелки** |
| **Одд. настава (во градот)** | 277 | 12 |
| **Предметна настава (во градот)** | 349 | 16 |
| **Посебна паралелка (во градот)** | 7 | 1 |
| **Вкупно во ЦУ** | **633** | **29** |
| **ПУ с.Криволак** | 99 | 5 |
| **ПУ с.Пепелиште** | 67 | 5 |
| **ПУ с.Војшанци** | 21 | 3 |
| **ПУ с.Црвени Брегови** | 28 | 2 |
| **Вкупно на ниво на училиште** | **848** | **44** |

# Организација и реализација на воспитно-образовната работа

## Учебната година започна на 03.09.2019 година

На 3 септември училиштето спремно ги дочека своите ученици. За најмалите, оние кои прв пат седнуваат во училишните клупи беше подготвена и мала забавна програма.




## Вело родео

Денес нашето училиште учествуваше во Вело родео турнејата. Главниот настан се случуваше во дворот на училиштето „ Гоце Делчев“ од Неготино. Учество зедоа ученици од нашето училиште , ООУ „Гоце Делчев“-Неготино,

ООУ „Димката А. Габерот“ од Д. Капија и ООУ „Пере Тошев“ од Росоман. Благодарност до сите ученици и наставници кои се вклучија во организацијата и реализација на настанот, како и до здружението Eco – logic кои се и организатори на Вело родео турнејата. Целта на овој настан е подигање на свеста за користење на велосипедот како превозно средство во секојдневниот транспорт преку низа забавни и едукативни активности.














## Нашето училиште дел од Европската недела на мобилност

Со возење велосипеди и други алтернативни средства, под мотото *„Движи се со нас“,* нашето училиште беше дел од акцијата во 2.500 градови во Европа, во кои се одбележа *„Европската недела на мобилност“.* Овој настан во нашата општина се одржува 5-та година по ред, национален координатор е Министерството за животна средина и просторно планирање, а партнери во активноста се Европската делегација во нашата држава и ЕУ инфоцентарот во Скопје. Во оваа активност учество зедоа носители на јавни функции, ученици од основните и средното училиште, јавната администрација, Советот на млади, Здруженија на граѓани и други заинтересирани лица кои со своето учество дадоа сопствен придонес во успешното спроведување на настанот. Стартот на сите учесници беше од ул„Маршал Тито“, кај Музејот на град Неготино, на семафорите се продолжи по ул„Партизанска“, кај Спомен-костурницата се продолжи по ул„Баба Ана Ташева“. Враќањето беше по ул„Маршал Тито“, по што сите учесници пристигнаа на градскиот плоштад каде што и заврши маршрутата. Целта на одржувањето на настанот е подигнување на степенот на

мобилност и информирање на населението за предностите и придобивките од возењето на велосипеди и користењето на други алтернативни превозни средства.







## Одбележана Неделата на детето

Традиционално и оваа година со мотото ,,ИМАМЕ ПРАВО НА СРЕЌНО ДЕТСТВО,,- беше одржана неделата на детето. Сите деца имаат еднакви права и на сите треба да им се даде неопходната поддршка и овозможат еднакви можности.

Одговорноста за децата е на целата заедница, на сите нас. Светот останува на децата и претставува предизвик да ги научиме да ги спознаат вистинските вредности во животот и да им дадеме сила да истраат и да успеат во овој свет. По тој повод во нашето училиште,, Страшо Пинџур,,-Неготино се одржаа низа активности во кои беа вклучени сите ученици од 1-5 одд. – Деца во улога на сообраќајни полицајци – целта на активноста беше, делење на флаери за безбедно и совесно учество на возачите во сообраќајот. – Цртање во училишниот двор – Печатење на детските дланки , СИТЕ СМЕ ИСТИ. Завршниот настан беше одржан на 10.10.2019 год. Каде што со пригодна програма нашите ученици ги поздравија малите првачиња, своите нови другарчиња и им посакаа големо ДОБРЕДОЈДЕ во најголемото семејство на

светот. Директорот на училиштето г-дин. Сашо Ѓорѓиев го прочита ученичкото ветување, на кое што првачињата се заколнаа дека ќе ги слушаат наставниците, ке ги почитуваат другарчињата и ке ги извршуваат своите обврски.








## Наши наставници на Меѓународниот натпревар Креф 2019

Од 3-5 октомври во Лесковец,Србија по четврти пат се одржа акредитираниот меѓународен натпревар по креативни и едукативни филмови *"Креф 2019"* на кој имаше претставници од Р.Србија, Р.Црна Гора, Р.Босна и Херцеговиа и Р.С.Македонија. На овој фестивал ООУ „Страшо Пинџур" -Неготино учествуваше со два едукативни филмови чии ментори беа Велика Маркова и Марика Вучкова. Филмот ***„Образување на јони"*** чиј автор е ученикот Кирил Јанев и ментор Велика Маркова освои Специјално признание за надминати достигнувања во категоријата „Образовни ресурси".





## Игра изработена од наши ученици победник на натпреварот „Играј и научи за Нато“

Играта *„Нато сложувалка“* е победник на натпреварот Играј и научи за Нато. Натпреварот е организиран од Гаус Институт во рамки на одбележувањето на 70 години од постоењето на Нато. Играта е вид на Тарзија сложувалка која е изработена според речникот на непознати зборови од книгата „70 прашања и одговори за Нато“.Главниот настан на кој се презентираа 25 игри кои влегоа во финалето се одржа на 19 октомври во Битола. Нашиот тим се претстави со две игри: сложувалка и дигитална игра (мобилна апликација). Мобилната апликација го освои второто место, а сложувалката првото место на натпреварот. Нашиот тим го сочинуваа: Ристе Димов, Екатерина Хаџиска, Андреа Зорзиќ, Иван Бакаров. Ментор им беше Ѓорѓина Димова, наст. по информатика. Играта ќе биде отпечатена во 1000 примероци и дистрибуирана во сите училишта во Македонија. Претставник на Нато ги покани победниците да ја посетат канцеларијата на Нато во Скопје.










## Одбележана Европската недела на програмирањето

Во периодот од 7 – 17 октомври во нашето училиште се одбележа Европската недела на програмирањето. Во рамките на неделата се одржаа низа настани преку кои учениците зачекорија во светот на програмирањето. Се одржаа работилници со микробит, за изработка на веб страници, како и unplugged активности.

Работилниците ги реализираа наставниците: Ѓорѓина Димова, Велика Маркова и Марика Вучкова.









## Отворен ден за Граѓанско образование

Во нашето училиште на ден 29.10.2019 година се организираше ОТВОРЕН ДЕН за Граѓанско образование на кој се презентираат младински иницијативи кои се резултат од реформите во Граѓанското образование. Новиот концепт подразбира активно учество на учениците во конкретни ученички иницијативи за позитивна промена во заедницата преку коишто се развива демократската култура кај младите.

Се реализираа низа активности и со свечена програма се одбележа овој ден. Секој од нас е важен и има можност да го покаже тоа. Под мотото ,,СИТЕ СМЕ РАЗЛИЧНИ А СЕПАК ИСТИ"веселите детски лица покажуваа активности и иницијативи за подобрување на местото на учење и живеење.












## Уште еден Мајкрософт настан – Microsoft Global Learning Connection

Оваа година по трет пат во нашето училиште се одржа skype-a-thon, овој пат ребрендиран во Microsoft Global Learning Connection.

Во текот на 48 часа ученици од целиот свет се поврзуваат со цел културна размена, учење или забава користејќи технологија за видео комуникација – skype. Во нашето училиште овој настан се одржува трета година по ред. Учествуваа 36 ученици кои заеднички поминаа 36363 виртуелни километри и ги посетија: Шведска, Унгарија, Индија, Египет, Грузија и Израел. Посебна чест за нас оваа година беше учеството како гостина предавач на советничката Гордана Јанакиевска која работи во Бирото за развој на образованието.Нашите ученици покрај тоа што споделија дел од нашата историја, традиција и култура подготвија и две песни.Ментори на настанот беа: Ѓорѓина Димова, Марија Стојкова и Илија Јанчев.



















## Резултати од Меѓународниот турнирот „Математика без граници“ ЕСЕН 2019

На 30.10. 2019 год. се одржа Меѓународниот турнирот „Математика без граници“ есенски круг. Учениците од нашето училиште ги постигнаа следните резултати.

| | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|
| 836 | Hadziska Mile Ekaterina | North Macedonia | Negotino | 5 | Silver |
| 1649 | Petreski Petar Ilija | North Macedonia | Negotino | 5 | Silver |
| 578 | Dimov Zvonko Riste | North Macedonia | Negotino | 5 | Bronze |
| 1154 | Lazova Risto Liljana | North Macedonia | Negotino | 5 | Bronze |
| 996 | Janev Goran Jovan | North Macedonia | Negotino | 5 | Bronze |
| 230 | Bakarov Blaze Ivan | North Macedonia | Negotino | 5 | Certificate |
| 2340 | Zorzik Gorgi Andrea | North Macedonia | Negotino | 5 | Certificate |
| 754 | Mantev Petar Nikola | North Macedonia | Negotino | 6 | Bronze |
| 558 | Ivanova Sarafce Ivana | North Macedonia | Negotino | 6 | Bronze |
| 182 | Bogoeva Pero Lidija | North Macedonia | Negotino | 6 | Bronze |
| 952 | Nikolova Vlatko Marijana | North Macedonia | Negotino | 6 | Certificate |
| 434 | Vancova Sashko Hristina | North Macedonia | Negotino | 8 | Silver |





**Ноември – Месец на науката 2019**

На 16.11.2019 се одржа првиот дел од настанот Ноември-месецот на науката. Тимот ученици од нашето училиште сите во 6 одд. успешно се претставија во областа математика и нејзината примена. Трета награда за Екатерина Хаџиска и Лилјана Лазова и успешно учество за Ристе Димов и Андреа Зорзиќ – ментор Силвана Миладинова .





## Писмо до планетата Земја – ENO – Light for Earth

Писмо до планетата Земја од нашите 6то одделенци од секцијата по Англиски јазик. На 29 ноември во 18 часот ја запаливме светичката која сами ја изработија учениците и која свети за нашата планета – да и покажеме дека ја почитуваме и се грижиме за неа! Во поддршка ни дојдоа и учениците од 2а и 3а одделение.





## Доделени медалите и сертификатите од зимскиот круг „Математика без граници“

Учениците ги добија медалите и сертификатите од зимскиот круг на меѓународниот натпревар „Математика без граници“. Нашето училиште е единственото во овој регион кој го организира овој натпревар. Организатор е наставничката по математика Силвана Миладинова.




## Регионален натпревар по Спелување на француски јазик

На ден 16.11.2019г. во просториите на ООУ„Гоце Делчев“ – Неготино, се одржа Регионалниот натпревар по Спелување на француски јазик. На натпреварот учениците, под менторство на наставничката Трајанка Апостолова, од ООУ„Страшо Пинџур“ – Неготино ги освоија следниве места:

1. Нина Мечева – Прво место;
2. Симона Мојсова – Второ место;
3. Ивана Иванова – Трето место и

Маријана Николова обезбеди учество на државниот натпревар.

## Државен натпревар по Спелување на француски јазик

На ден 30.11.2019г. во просториите на Филолошкиот факултет„Блаже Конески“ – Скопје., се одржа **Државниот натпревар** по Спелување на француски јазик. На натпреварот учениците од ООУ„Страшо Пинџур“ – Неготино ги освоија следниве места:

1. **Маријана Николова– Прво место;**
2. **Нина Мечева – Второ место;**

Симона Мојсова и Ивана Иванова – се пласираа во групата на ТОП 10 најдобри





## Ноември -месец на наука 2019

На 23.11.2019 на ПМФ-Скопје се одржа вториот викенд од манифестацијата *„Ноември -месец на наука 2019*“ за учениците од VII-IX одд, На оваа манифестација учениците од нашето училиште, ООУ “Страшо Пинџур” – Неготино и нивните ментори Велика Маркова, Катерина Јаневска и Шеќерина

Симоновска се претставија со експерименти од областа хемија,математика,биологија и географија и ги постигнаа следниве резултати:

Марија Станојковиќ 7 одд- географија, втора награда

Александра Тодорова 7 одд- успешно учество

Горана Петрова 8 одд- хемија, трета награда

Соња Јанева 8 одд – хемија, успешно учество

Вера Најдовска 8 одд- хемија, успешно учество

Димитар Стојановски 9 одд - хемија, трета награда

Сара Коцева 9 одд - хемија, успешно учество

Лилјана Ноткова 9 одд - хемија, успешно учество

Ивана Иванова 7 одд -математика, успешно учество

Христина Ванчова 9 одд- математика, трета награда

## Учество на 43. Школа на млади физичари и Месец на наука 2019, Скопје

Настанот се одржа на 28.11.2019год. на Природно математичкиот факултет во Скопје. Од нашето училиште зедоа учество ученици од осмо и деветто одделение и ги постигнаа следните резултати:

1. Ѓорѓи Бакаров 9в одд – 2 награда
2. Матеја Бекчиќ 8а одд – 3 награда
3. Ивана Костова 8а одд – успешно учество
4. Викторија Милошевска 9а одд – успешно учество
5. Александра Давчева 9а одд – успешно учество
6. Кристијан Петковски 9б одд – успешно учество
7. Анастасија Ристова 9б одд – успешно учество
8. Теодора Витанова 9в одд – успешно учество

Одговорен наставник – ментор Марика Вучкова, наставник по физика





## 7 –ма Балканска Експериментална Олимпијада

За учество на „*7 Балканска Експериментална Олимпијада*.“ Настанот се одржа на 07.12.2019год. на Природно математичкиот факултет во Скопје, во организација на македонското Друштво на физичари и Софискиот клон на бугарското друштво на физичари. Од нашето училиште учествуваше ученикот Стефан Динов од 9б одд , кој се здоби со сертификат за успешно учество. Одговорен наставник – ментор Марика Вучкова, наставник по физика.

## Проектна активност МИО на Тема: Етнички заедници

На 04.12.2019(среда ) се реализа Проектна активност МИО на Тема: Етнички заедници. Ученици од 5 одделение со наставничките: Цветанка Недева и Марина Димова

Целта на проектот:

- *Учениците да се запознаат со етничките заедници во Р.Македонија и нивните обележја.*
- *Да научат по што се разликуваат меѓу себе.*
- *Да сфатат дека иако сме различни во нешто ,сепак во многу работи сме слични и имаме исти интереси.*
- *Да се развие свеста за потребата од меѓусебно почитување и соживот во општествената средина.*

На часот беа присутни и бабите на учениците кои со своите излагања за традиционални јадења ,облека, обочаии ,носии ги продлабочија и проширија

знењата на учениците од темата. Учествуваа во активност, изработка на народни носии од заедниците во Македонија. И за крај презентираа традиционални јадења приготвени од вештите раце на нашите баби. Како благодарност секој ученик на својата баба и додели благодарница за учество во проектот.









## Трета награда за наш ученик на конкурсот „Значењето на водата“

Општина Неготино во соработка со АДВИСЕНТ – еколошки консалтинг и во соработка со општина од Грција, беше распишан конкурс, надвор од границите, на тема,, Значењето на водата,,. По тој повод во категоријата најдобар и најкреативен цртеж ученикот Лазар Бојков од 2а одд. под менторство на

наставничката Цанка Костова го освои третото место и се здоби со сертификат и пригодна награда.





## Традиционален новогодишен концерт на училишниот хор

**На 26 декември** се одржа традиционалниот Новогодишен концерт, оваа година најмасовен. Училишниот хор и солистите не забавуваа со најубавите песни додека секое одделение од 2 – 5 изведе по една ритмичка точка. Одговорен за организацијата на концертот беше наставникот по музичко образование Илија Јанчев.






## Одбележан Денот за побезбеден интернет

На ден 11.02.2020 година во нашето училиште се одбележа *Денот за побезбеден интернет* со реализирање на презентација на тема „*Дали си добар онлајн пријател*“ и kahoot квиз до учениците од 6 одделение.








## Училишен натпревар по математика

**На ден 07.02.2020 год. се одржаа училишен натпревар по математика, на кој нашите ученици ги постигнаа следните резултати:**

| Р. број | Име и презиме | Одд. | Вкупно поени | Награда | Учество на Општински натпревар |
|---|---|---|---|---|---|
| 1. | Кристина Настова | IV | 75 | II | ОН |

| | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|
| 2. | Марија Нацева | IV | 75 | II | ОН |
| 3. | Андон Крстев | IV | 75 | II | ОН |
| 4. | Мите Лазов | IV | 71 | II | ОН |
| 5. | Димитај Надовски | IV | 65 | III | |
| 6. | Марко Ташев | IV | 65 | III | |
| 7. | Александар Ристов | IV | 50 | Пофалница | |
| 8. | Давид Хосуе Гонзалес Димова | IV | 45 | Пофалница | |
| 9. | Ѓорѓи Илиев | IV | 45 | Пофалница | |
| 10. | Снежана Волканоска | IV | 43 | Пофалница | |
| 11. | Христијан Стојанов | V | 95 | I | ОН |
| 12. | Петар Иванов | V | 45 | Пофалница | |
| 13. | Петар Јанчев | V | директен пласман од повисок натпревар за ОН | | |
| 14. | Дафина Будбарова | V | директен пласман од повисок натпревар за ОН | | |
| 15. | Митко Виденов | V | директен пласман од повисок натпревар за ОН | | |
| 16. | Ристе Димов | VI | 72 | II | ОН |
| 17. | Андреа Зорзиќ | VI | 72 | II | ОН |
| 18. | Јонче Спасов | VI | 50 | Пофалница | |

| | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|
| 19. | Јован Јованов | VI | 40 | Пофалница | |
| 20. | Марија Боцева | VI | 40 | Пофалница | |
| 21. | Атанасе Јанчев | VI | 40 | Пофалница | |
| 22. | Душан Димчев | VI | 40 | Пофалница | |
| 23. | Симона Ристова | VI | 40 | Пофалница | |
| 24. | Илија Петрески | VI | 40 | Пофалница | |
| 25. | Иван Бакаров | VI | 40 | Пофалница | |
| 26. | Давид Петров | VI | директен пласман од повисок натпревар за ОН | | |
| 27. | Екатерина Хаџиска | VI | директен пласман од повисок натпревар за ОН | | |
| 28. | Лилјана Лазова | VI | директен пласман од повисок натпревар за ОН | | |
| 29. | Стефан Ицев | VII | 90 | I | ОН |
| 30. | Оливер Јованов | VII | 67 | III | |
| 31. | Христина Ангелова | VII | 63 | III | |
| 32. | Лидија Богоева | VII | 62 | III | |
| 33. | Василка Атанасова | VII | 45 | Пофалница | |
| 34. | Марија Смилкова | VII | 40 | Пофалница | |
| 35. | Ивана Иванова | VII | директен пласман од повисок натпревар за ОН | | |

| | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|
| 36. | Маријана Николова | VII | директен пласман од повисок натпревар за ОН | | |
| 37. | Никола Мантев | VII | директен пласман од повисок натпревар за РН | | |
| 38. | Александра Тодорова | VII | директен пласман од повисок натпревар за ОН | | |
| 39. | Марија Станојковиќ | VII | директен пласман од повисок натпревар за ОН | | |
| 40. | Леон Стевановиќ | VIII | 65 | III | ОН |
| 41. | Владимир Андонов | VIII | 61 | III | |
| 42. | Никола Мојсов | VIII | 60 | III | |
| 43. | Христијан Димов | VIII | 53 | Пофалница | |
| 44 | Јован Стојанов | VIII | 48 | Пофалница | |
| 45. | Лилјана Ноткова | IX | директен пласман од повисок натпревар за ОН | | |
| 46. | Христина Ванчова | IX | директен пласман од повисок натпревар за ОН | | |

## Недела на информатиката

Во периодот од 07-14 февруари во нашето училиште се реализираше активноста Недела на информатиката. Тоа е настан организиран од наставничката по информатика Ѓорѓина Димова и во кој оваа година беа вклучени скоро сите ученици од 2-9 одделение и сите одделенски наставници.

Во периодот од 10-14 февруари се реализираше натпревар Escape Room. Учениците од 6 и 7 одд. преку решавање на неколку информатички загатки треба да го пронајдат уредот кој е скриен во кабинетот по информатика и со тоа да ја спасат Планетата Земја.



На 11 февруари се реализираа неколку работилници со учениците од 2 -5 одделение. Нив ги реализираа ученици од 6 и 7 одделение – од учениците за учениците. Се реализираа неколку работилници:



Кодирај со картони за јајца – пронаоѓање излез од лавиринт креиран со картони за јајца

Кодирај го своето име – кодирање на своето име во бинарен код




Барометар на чувства



Биди добар онлајн пријател



Неделата на информатиката е меѓу 20 победници на Stem Discovery Campaign како настан кој промовира наука меѓу учениците.

## ПОСТИГНАТИ РЕЗУЛТАТИ ОД УЧИЛИШЕН НАТПРЕВАР ПО АНГЛИСКИ ЈАЗИК ЗА УЧЕНИЦИТЕ ОД 5, 6, 7, 8 и 9 ОДДЕЛЕНИЕ

На 18-ти февруари 2020г. во организација на активот на наставниците по англиски јазик од ООУ„Страшо Пинџур“ Неготино се одржаа училишните натпревари по англиски јазик за учениците од 5, 6, 7, 8 и 9 одделение. На натпреварите учествуваа вкупно 50 ученици.

Натпреварот имаше квалификационен натпревар, па со право да го претставуваат нашето училиште на општинскиот натпревар на 21 март се стекнаа по двајца првопласирани ученици од секое одделение:

5 одд.: Христијан Стојанов 5а и Ленче Најдова 5а

6 одд.: Ристе Димов 6в и Марија Атанасова 6б

7 одд.: Виктор Кичуков 7а и Ангела Лазова 7в

8 одд.: Вера Најдовска 8г и Стефанија Настова 8г

9 одд.: Лилјана Ноткова 9г и Филип Пиштолов 9г

## Онлајн настава

Поради прогласената епидемија во државата, со вирусот Ковид 19, а согласно заклучоците на Владата и донесените уредби, нашето училиште од 11.03 – 10.06.2020 година реализираше онлајн настава. Учениците од 1-5 одделение реализираа настава во договор со своите наставници, преку образовни

платформи. Учениците од 6 -9 одделение го користеа веб сајтот на училиштето за реализирање на наставата. Секој ден учениците добиваа распоред на часови и содржини по одделни предмети, како и упатства од наставниците. На веб сајтот беа истакнати сите електронски пошти на наставниците за подобра комуникација.

**Уписот на децата во прво одд. за идната учебна година**, поради состојба во државата, со вирусот Ковид 19, а по насоки и укажување од МОН, се пролонгира за еден месец, односно наместо во мај беше спроведено во месец јуни, од страна на Комисијата за упис. Заради заштита од вирусот, на вработените, родителите и децата, училиштето максимално се придржуваше на мерките, согласно Протоколот, донесен од Министерството за здравство (дезинфекција на рацете и просториите, носење заштитна маска и држење социјална дистанца).

## Презентација на СЕТУГС „Михајло Пупин“ Скопје

За учениците од 9 одделение, се одржаа онлајн презентација од СЕТУГС „Михајло Пупин“ Скопје. Во прилог на презентацијата на учениците им беше доставена и брошурата на училиштето.






## Презентација на СОУ „Св. Кирил и Методиј“ -Неготино

На 11.05.2020 година СОУ „Св. Кирил и Методиј“ од Неготино, поради неможноста да ги презентираат можностите за продолжување на образованието кај нив ни испратија нивна брошура. Учениците од 9 одделение се запознаа со сите насоки во училиштето.







## Презентиран нашиот проект „Не го фрлај твојот отпад“

Проектот со кој нашето училиште аплицираше на третиот повик за проекти на „Млади истражувачи“ од ФИТР, на ден 22.05.2020 година, беше презентиран пред комисијата. Проектот беше избран во финалната селекција со уште 39 проекти кои се презентираа за подоцна комисијата да ги објави избраните проекти кои ќе добијат финансиска поддршка од Фондот за иновации и технолошки развој. Проектот пред комисијата го презентираше ученичката Ангела Лазова. Креатори на проектот се: Ѓорѓина Димова и Велика Маркова.






## Резултати од регионалниот натпревар по математика

На 04.07.2020 година се одржаа онлајн натпревар по математика, на кој учествуваа наши ученици и ги постигнаа следните резултати.

| Р. број | Име и презиме | Одд. | Вкупно поени | Награда | Ментор |
|---|---|---|---|---|---|
| 1. | Мите Лазов | IV | 90 | I | Јулијана Данаилова |
| 2. | Марија Нацева | IV | 66 | III | Татјана Ристова |
| 3. | Андон Крстев | IV | 58 | III | Јулијана Данаилова |
| 4. | Петар Јанчев | V | 54 | III | Цветанка Недева |
| 5. | Дафина Будбарова | V | 44 | Пофалница | Цветанка Недева |
| 6. | Лилјана Лазова | VI | 90 | I | Силвана Миладинова |
| 7. | Андреа Зорзиќ | VI | 88 | I | Силвана Миладинова |
| 8. | Екатерина Хаџиска | VI | 80 | II | Силвана Миладинова |
| 9. | Ристе Димов | VI | 80 | II | Силвана Миладинова |
| 10. | Давид Петров | VI | 76 | II | Силвана Миладинова |
| 11. | Марија Станојковиќ | VII | 66 | III | Сања Ристова |
| 12. | Александра Тодорова | VII | 66 | III | Сања Ристова |
| 13. | Ивана Иванова | VII | 50 | Пофалница | Катерина Јаневска |

## Одбележан Патрониот празник на училиштето

На 5 Март во нашето училиште се одбележа Патрониот празник со пригодна свеченост и положување на свежо цвеќе на бистата на Страшо Пинџур. На патрониот празник беа поканети и претставници од локалната самоуправа.












## <u>Реализација на приоритетните цели од Годишната Програма за работа на училиштето</u>

<u>Цел 1: *Подобрување на енергетската ефикасност во ПУ с. Пепелиште, преку реновирање на системот за парно греење*</u>

-Во ПУ с. Пепелиште, во текот на летниот период се изврши реновирање на стариот и дотраен систем за парно греење, односно беше набавен нов котел за парно греење, со садови за нафта. На тој начин се очекува во следната грејна сезона значително да биде подобрена енергетската ефикасност, односно да се одржува оптимална температура во училниците и да се заштеди на огрев, а учениците да учат во пријатни услови.

Цел: 2 Зајакнување на соработката на училиштето со родителите

-Соработката со родителите училиштето ја остваруваше во текот на цела година, преку индивидуални и групни средби, советувања и вклучување во одбележување на значајни настани.

Поинтензива и за пофалба беше соработката со родителите во текот на второто полугодие кога училиштето продолжи со он лајн реализација на наставата, поради епидемијата во државата со вирусот Ковид 19. Всушност од 10 март, па се до крајот на наставната година, учениците учеа од дома, а со помош на родителите, се вклучуваа во образовните платформи и реализираа настава, заедно со наставникот.

## Подобрување на материјално-техничките услови во училиштето

Во текот на годината дел од училишниот двор се пренамени во спортски терен за изведување на повеќе спортски активности, на отворено. Исто така пред влезот за ученици се постави настрешница, со цел заштита на учениците при временски непогодби.

За време на летниот приод се изврши молерисување на трите кабинети во бараката, како и целосно обновување на фасадата, фарбање со еко боја. Цоклињата и радијаторите во ходниците исто така беа санирани и офарбани.

Училиштето купи сопствено патничко возило, автомобил Форд фокус, со цел побрза и почеста комуникација со вработените и учениците во подрачните училишта и другите институции во општината.




О.О.У.
СТРАШО ПИНЏУР



## ПОСТИГНАТИ РЕЗУЛТАТИ НА УЧЕНИЦИТЕ

Реализацијата на наставниот процес во текот на учебната 2019/20 година се одвиваше без проблеми и со динамика предвидена за учебната 2019/20 година, со реализирани 179 наставни денови, од кои 61 ден-он лајн. Учебната година започна на 03.09.2019 година, односно на првиот училишен ден, со одлука на СОНК, се одржа еднодневен предупредувачки штрајк.

Во текот на учебната 2019/2020 година според бројчаната скала од 1 до 5 се оценети учениците од 4 до 9 одделение (вкупно 538 ученици) и постигнат е **среден успех – 3,82 на ниво на училиште**.

Постигнувањата на учениците од I до III одделение за крајот од учебната 2019/20 година се описно оценети (вкупно 303 ученици).

Показателите покажуваат дека:

| Постигнат успех | Број на ученици |
|---|---|
| Описно оценети ( 1-3 одд) | 303 со успех и 13 повторувачи |
| Одличен | 209 |
| Мн. добар | 132 |
| Добар | 120 |
| Доволен | 57 |
| Повторвачи | 20 |
| Бројчано оценети (4-9 одд.) | 538 |
| 837+7 од ПП | |

| Одделение | IV | V | VI | VII | VIII | IX | IV-IX |
|---|---|---|---|---|---|---|---|
| Средна оцена по одделенија | 3,69 | 3,91 | 3,73 | 3,97 | 3,63 | 3,97 | 3,82 |

Табеларна споредба на успехот на учениците на крајот од учебната 2017/18 година, учебната 2018/19 година и 2019/20 година:

| Учебна година | 2017/2018 | 2018/2019 | 2019/2020 |
|---|---|---|---|
| **Среден успех** | 3,99 | 3,86 | 3,82 |




Од прикажаниот графикон, може да се заклучи дека средниот успех на учениците од учебната 2019/20 година, спореден со претходните две години е намален, но сепак успехот на учениците во сите три години во овој период е **Мн.добар.**

Во целата учебна година евидентирани се вкупно 51021 отсуства, од кои 35487 се оправдани, а 15534 се неоправдани отсуства.

## Прогласени ученикот на генерацијата и пофалени ученици во 2019/20

Наставничкиот совет при нашето училиште одлучи и ја прогласи **Лилјана Ноткова -9г** одд. за **Ученик на генерацијата 2019/20** . Исто така одлучи и ги пофали следните ученици:

**Пофалени ученици** во 2019/20 година се:

Александра Давчева – 9а одд.
Сара Коцева – 9б одд.
Христина Ванчова – 9б одд.
Милица Ризова – 9б одд.
Благица Димитрова – 9б одд.
Сара Секулова – 9б одд.
Ангела Граждранлиева – 9в одд.
Ѓорѓи Бакаров – 9в одд.
Филип Пиштолов – 9г одд.
Александра Манчева – 9г одд.

## СОРАБОТКА СО ЛОКАЛНАТА СРЕДИНА

Нашето училиште во текот на учебната 2019/20 година остваруваше континуирана соработка со локалната средина која истата беше во функција на унапредување и осовременување на воспитно-образовниот процес.

Соработката со **Центарот за социјални работи**, како до сега така и оваа година се состои  во изнаоѓање заеднички решенија за социјално загрозени семејства на наши ученици и во разрешување на проблемите на учениците со непримерно, асоцијално поведение.

Партнерска и плодна соработка се остваруваше и со **локалната самоуправа** под чии надлежности е нашето основно училиште, во смисла на почитување на насоките во организирањето на воспитно-образовниот процес, учество во општински проекти, манифестации и настани на општинско ниво со активности   на наши ученици на истите по разни поводи како што се: 11 Октомври, 8 Ноември – Денот на ослободувањето на Неготино, новогодишни празници, манифестации, хепенинзи и др. Не изостанува и  соработката со други училишта од нашиот град  и пошироката околина.

Општина Неготино, во соработка со Институтот за европски образовни, социокултурни економски политики-ЕУ ЗА ТЕБЕ – Скопје, обезбеди финансиски средства и  околу 40-тина  наставници од нашето училиште проследија еднодневна обука  на тема „Превенирање на насилното однесување меѓу учениците во основните и во средните  училишта“, што се одржа во ООУ„Гоце Делчев“-Неготино.

**Соработката со родителите** во текот на целата година  се одвиваше континуирано преку учество на состаноци на Советот на родители, родителски средби, индивидуални или групни посети и разговори од страна на наставниците и одд. раководители, како и од страна на директорот и стручната служба, а посебно советувањето на родителите од страна на психологот што е и законска обврска, а кое ги опфаќа родителите чии деца послабо напредуваат или несоодветно се однесуваат. Секојдневно стручната служба реализира советодавно-консултативни разговори со родителите со акцент на успехот и

поведението на нивните деца. Во текот на годината, Советот на родители реализира 3 состаноци.

**Училишниот одбор**, во текот на учебната 2019/20 година на одржаните 9 состаноци, одговорно ги извршуваше тековните должности во рамките на своите законски ингеренции и со тоа овозможи непречено одвивање на воспитно – образовниот процес на нашето училиште.

**Стручните органи во училиштето**: Наставничкиот совет (5 состаноци во текот на годината, од кои три се одржаа онлајн), Одделенските совети на предметните и одделенските наставници (9 сосотаноци во учебната 2019/20 година), одд. раководители и стручните активи на наставниците во текот на годината работеа согласно законските норми и прописи.

Сите овие сегменти што ја чинат целокупната структура на училиштето во координација на раководниот орган на училиштето – директорот, најодговорно ги вршеа работните активности за непречено и мошне успешно одвивање на воспитно-образовниот процес и создавање позитивна клима за работа и учење во нашето училиште, што е примарна цел на секое основно училиште.

Сите активности кои ги реализира училиштето во текот на годината , како и видовите документи на училиштето, може да се најдат на училишниот портал.

**www. strasopindzur.wordpress.com**

**E mail spingur.negotino@gmail.com**

Директор
Сашо Ѓорѓиев

Јули, 2020 г.
Неготино

Изготвиле:
Микица Илиевска - Психолог
Александра Манева- Педагог
Ивана Стојановиќ –специјален едукатор и реахабилитатор

**П Р Е Г Л Е Д**

*На вкупниот број запишани ученици, паралелки **(чисти)** на крајот на учебната 2019/20 година со настава по македонски наставен јазик*

| Училиште | Ученици и паралелки по одделенија | | | | | | | | | | | | | | | | | | | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| | I | | II | | III | | IV | | V | | I-V | | VI | | VII | | VIII | | IX | | VI-IX | | **I -IX** | |
| | П | Уч | П | Уч | П | Уч | П | Уч | П | Уч | П | Уч | П | Уч | П | Уч | П | Уч | П | Уч | П | Уч | П | Уч |
| **Централни I -IX** | 3 | 59 | 3 | 58 | 2 | 47 | 2 | 54 | 2 | 59 | 12 | 277 | 4 | 99 | 4 | 86 | 4 | 86 | 4 | 78 | 16 | 349 | 28 | 626 |
| **Подрачни I -V** | 2 | 40 | 2 | 34 | 3 | 32 | 2 | 28 | 2 | 38 | 10 | 172 | | | | | | | | | | | | |
| **Вкупно** | **5** | **99** | **5** | **92** | **4** | **79** | **4** | **82** | **4** | **97** | **22** | **449** | **4** | **99** | **4** | **86** | **4** | **86** | **4** | **78** | **16** | **349** | **28** | **798** |

## ***П Р Е Г Л Е Д***

*На вкупниот број запишани ученици, паралелки* ***(комбинирани)*** *на крајот на учебната 2019/20 година со настава по македонски наставен јазик*

| Училишта | Ученици и паралелки по одделенија | | | | | | | | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| | I | V | Пар. | II | IV | Пар. | I | III | V | Пар. | II | IV | Пар. |
| **ПУ с. Војшанци** | 4 | 1 | 1 | 6 | 4 | 1 | | | | | | | |
| **ПУс. Црвени Брегови** | | | | | | | 9 | 8 | 2 | 1 | 6 | 3 | 1 |

***П Р Е Г Л Е Д***

*На **изостаноци** на учениците на крајот од учебната 2019/20*

| Одд. | I | II | III | IV | V | VI | VII | VIII | IX | ПП | Се |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| **Оправдани** | 3435 | 2796 | 2626 | 3294 | 3490 | 5467 | 3405 | 5226 | 5496 | 252 | **35487** |
| **Неоправдани** | 454 | 2416 | 1912 | 595 | 2042 | 5250 | 779 | 996 | 1090 | / | **15534** |
| **Вкупно** | **3889** | **5212** | **4538** | **3889** | **5532** | **10717** | **4184** | **6222** | **6586** | **252** | **51021** |

***П Р Е Г Л Е Д***

*На **испишани** ученици на крајот од учебната 2019/20*

| I | | II | | III | | IV | | V | | VI | | VII | | VIII | | IX | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| вк | ж | вк | ж | вк | ж | вк | ж | вк | Ж | вк | ж | вк | ж | вк | ж | вк | ж |
| 1 | / | 1 | / | 2 | 2 | / | / | 3 | 2 | 1 | 1 | 2 | 2 | 2 | / | / | / |

***П Р Е Г Л Е Д***

*На **намалено поведение** на учениците на крајот на учебната 2019/20 година*

| Одделение | VI | VII | VIII | IX | Се |
|---|---|---|---|---|---|
| **Добро** | 1 | / | 1 | / | **2** |
| **Незадоволително** | 3 | / | 2 | / | **5** |

***П Р Е Г Л Е Д***

*На **општиот успех** на учениците од 4-9 одд ( **оценети бројчано**)*
*на крајот од учебната 2019/20 година*

| **Одд** | **Вкупно Ученици** | | **5** Одлични | | **4** Мн.добри | | **3** Добри | | **2** Доволни | | **Вкупно** | | **1** Повторувачи | | **Средна оценка** |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| | се | ж | Бр | % | Бр | % | Бр | % | Бр | % | Бр | % | Бр | % | |
| **IV** | 89 | 37 | 35 | 40 | 24 | 27 | 17 | 19 | 11 | 12 | 87 | 98 | 2 | 2 | **3,69** |
| **V** | 100 | 44 | 49 | 49 | 25 | 25 | 15 | 15 | 7 | 7 | 96 | 96 | 4 | 4 | **3,91** |
| **IV -V** | 189 | 81 | 84 | 44 | 49 | 26 | 32 | 17 | 18 | 10 | 183 | 97 | 6 | 3 | **3,80** |
| **VI** | 99 | 41 | 34 | 35 | 19 | 19 | 19 | 19 | 17 | 17 | 89 | 90 | 10 | 10 | **3,73** |
| **VII** | 86 | 44 | 34 | 41 | 20 | 23 | 24 | 27 | 6 | 7 | 84 | 98 | 2 | 2 | **3,97** |
| **VIII** | 86 | 44 | 27 | 31 | 20 | 23 | 30 | 35 | 8 | 10 | 85 | 99 | 1 | 1 | **3,69** |
| **IX** | 78 | 41 | 30 | 38 | 24 | 32 | 15 | 19 | 8 | 10 | 77 | 99 | 1 | 1 | **3,97** |
| **VI -IX** | 349 | 170 | 125 | 36 | 83 | 24 | 88 | 25 | 39 | 11 | 335 | 96 | 14 | 4 | **3,84** |

| | | | | | | | | | | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| **IV- IX** | 538 | 251 | 209 | 39 | 132 | 25 | 120 | 22 | 57 | 10 | 518 | 96 | 20 | 4 | **3,82** |

***П Р Е Г Л Е Д***

*На **оштиот успех** на учениците од 1-3 одд ( **оценети описнно**)*

*на крајот од учебната 2019/20 година*

| Одд | Вкупно Ученици | | Високо ниво | | Средно ниво | | Ниско ниво | | Најниско ниво | | Повторувачи | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| | се | Ж | Бр | % | Бр | % | Бр | % | Бр | % | Бр | % |
| **I** | 112 | 59 | 70 | 63 | 23 | 21 | 17 | 15 | / | / | 2 | 1 |
| **II** | 104 | 51 | 53 | 51 | 22 | 21 | 20 | 19 | 2 | 2 | 7 | 7 |
| **III** | 87 | 34 | 39 | 45 | 22 | 25 | 21 | 24 | 1 | 1 | 4 | 5 |
| **I-III** | 303 | 144 | 162 | 53 | 67 | 22 | 58 | 19 | 3 | 1 | 13 | 5 |

**П Р Е Г Л Е Д**

*На вкупниот број запишани ученици* ***во посебна паралелка (комбинирана)*** *на крајот на учебната 2019/20 година со настава по македонски наставен јазик*

| Одд. | Вкупно Ученици | | 5 Одлични | | 4 Мн.добри | | 3 Добри | | 2 Доволни | | Вкупно | | Средна оценка |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| | се | ж | Бр | % | Бр | % | Бр | % | Бр | % | Бр | % | |
| **V** | 1 | 1 | / | / | 1 | 100 | / | / | / | / | 1 | 100 | **3,78** |
| **VII** | 2 | 2 | / | / | 1 | 50 | 1 | 50 | / | / | 2 | 100 | **3,45** |
| **IX** | 4 | 1 | 2 | 50 | / | / | 2 | 50 | / | / | 4 | 100 | **4,00** |
| **Вкупно** | 7 | 4 | 2 | 29 | 2 | 29 | 3 | 42 | / | / | 7 | 100 | **3,71** |